ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичката партија Алтернатива

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

При евидентирањето на финансиските трансакции се применува принципот на пресметковна основа што не е во согласност Законот за финансирање на политичките партии каде е уредено истите своето сметководство го водат согласно Законот за сметководството на непрофитни организации и имаат обврска да го применуваат начелото на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто)

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

**Клучни препораки:**

Одговорното лице да преземе мерки и активности евидентирањето на финансиските трансакции да се врши согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции.

**Клучни системски слабости:**

Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018